Ристо ИЛЈОВСКИ

# ПОХОДОТ НА КРАЛОТ СВЕТИ СТЕФАН ВО МАКЕДОНИЈА ВО ПОЧЕТОКОТ НА XI ВЕК

(Хронолошки и географски погледи во историографијата)*

Во развитокот на христијанската унгарска држава, којашто се формирала во срцето на Европа, дејноста на кралот Св. Стефан I претставува многу важна етапа, која многу придонела за јакнењето на централната власт на унгарската држава во Карпатскиот басен. Во нејзина служба кралот Стефан ја постави и својата надворешна политика.[1] Во врска со неговата политика кон Балканот во многубројните историски изданија се забележуваат хронолошки и географски несогласувања. Согледувајќи ја оваа фактичка состојба во два наши претходни прилога настојувавме да фрлиме малку светлина врз заднината на балканската политика што ја водел основачот на Унгарската држава. При тој наш обид не само што ги ползувавме средновековните речиси современи, односно во подоцнежните векови создадени византиски и латински извори, туку се задржавме и врз резултатите на унгарската историска наука.[2] Во оваа прилика сакаме да нагласиме дека при составувањето на сегашниот труд ги имавме предвид вредните согледувања и предлози на проф. Иштван Капитанфи, со кого повеќепати сме имале можност да се консултираме во врска со нашата тема за вредноста на изворните податоци и за основаноста на погледите што преовладуваат во историската наука.

---

* Предавање под истиот наслов беше одржано на научното советување во организација на Катедрата за латински и грчки јазик при Универзитетот „Јожеф Етвеш“ и Католичкиот универзитет „Петер Пазмањ“ во Будимпешта и Пилишчаба, одржано на 26–27 ноември 1999 година, по повод двегодишнината од смртта на проф. Иштван Капитанфи.

[1] *Makk F.*: Magyarország és keleti szomszédai Szent István korában (Во кн.: Szent István és kora. Szerkesztették: Glatz Ferenc, Kardos József., Budapest 1988., 83 и наведената литература); *Kordé Z.*:Külpolitika és hadszervezet az államalapítás korában (Во кн.: Az államalapító. Szerkesztette és az elöszót írta Kristó Gyula., Budapest 1988., 130); *Makk F.*: Szent István és Bulgária., Acta Universitatis Szegediensis de Attila József nominatae, Acta Historica, Klsz., III. Nemzetközi Hungarológiai Kongresszus (Szeged, 1991. augusztus 12–16.) tiszteletére (Szeged 1991.), 7.

[2] *Илјовски, Р.*: Потеклото на Петар (О)Делјан (Прилог кон критичката обработка на византиските изворни податоци)., Гласник [на] Институт[от] за национална историја XXXI, 2 (Скопје, V-VIII, 1987), 161–194; *Илјовски, Р.*: Византиско-унгарски сојуз во почетокот на XI век против Самуил и неговите наследници. Обид за хронолошко определување., Зборник радова Византолошког института XXIX–XXX (Београд 1991), 75–99.

Повеќе од едно столетие, кога унгарските историчари пристапувале кон прикажувањето на историските околности што се создале пред еден милениум на територијата на средна и југоисточна Европа, пред сè ги имале предвид податоците што од денешен аспект, до извесна смисла, можат да се сметаат и како податоци од компилативен карактер и кои едноподруго се редат во средновековната хроничарска литература. Бројот на таквите историско-научни трудови е огромен. Авторите на овие студии со право укажуваат на фактот за тоа дека воената акција од надворешен карактер на Св. Стефан кон Балканскиот Полуостров, поточно кон Македонија, била тесно поврзана со настојувањата што имале за цел повторно да ја воспостават хегемонијата на Византиското Царство на Балканот, и со проширувањето на власта на новото унгарско христијанско кралство врз целата територија на Карпатскиот базен. Како што претходно спомнавме, околу прашањето за реконструкција на балканскиот поход на кралот Св. Стефан, мислењата на истражувачите се поделени не само во однос на неговото хронолошко туку и по географското определување. Причината за тоа лежи во самиот факт што на располагање ни стојат два изворни податока што се разликуваат не само по своето хронолошко настанување, туку и по својот карактер. Но овие два изворни податока во себе содржат и такви заеднички елементи што не се земени предвид во досегашните истражувања. Всушност, во центарот на нашето внимание се прашањето за Кеан,[3] сочувано во унгарската хроничарска литература, и расказот за основањето на црквата Св. Албан во белгискиот град Намур.

Во однос на прашањето дали личноста на Кеан, кој се споменува почнувајќи од *Анонимот*,[4] во *Гестата* на Симон де Кеза,[5] во *Композицијата на хрониките од XIV век*[6] и во подоцнежната унгарска хроничарска литература треба да ја сметаме за фиктивна или тој навистина преставувал историска личност, досега истражувачите не дошле до единствено гледиште. Тоа можеме да го објасниме ако имаме предвид дека при истражувањата за неговата личност повеќето истражувачи поаѓале пред сè од две – едноподруги и за интерпретирање доста тешки – раскажувања во *Композицијата на хрониките од XIV век*, кои ја прикажуваат борбата на кралот Стефан против Ѓула, односно против Кеан.[7] Кон сето тоа придонело и настојувањето за лингвистичко појаснување на етимологијата на името Кеан, при што многубројни истражувачи неговото потекло го барале во турскското, односно бугарско-турското достоинство „каган“. Тргнувајќи од ова становиште, централистичките борби на кралот Стефан против племенските водачи Ѓула и Ајтоњ,

---

[3] Историографските становишта околу идентификацијата на личноста на водачот Кеан, кој се споменува во Композицијата на хроники од XIV век прегледно ги изложува *Makk,* István és Bulgária 6 и бел. 20.

[4] *Scriptores Rerum Hungaricarum* tempore ducum regumque stirpis Arpadianae gestarum. Ed.: E. Szentpétery. Vol. I. (Budapestini MCMXXXVII., 48, 10-13; 51, 14-23; 85, 5- 86, 11).

[5] *SRH* I., 172, 14-20; 290, 22-291, 8.

[6] *SRH* I., 315, 9-19.

[7] *SRH* I., 315, 9-19; *Kristó Gy.*: Az Árpád-kor háborúi (Budapest 1986., 56).

споменативе истражувачи ги поврзале со војната на царот Самуил и на неговите наследници Гавриил Радимир и Јоан Владислав против Византија.

Како последица од сето тоа, во унгарската историска литература се оформиле две основни становишта во однос на идентификувањето на Кеан како историска личност, потоа по прашањето за географската распространетост на неговата власт и најпосле по прашањето за датумот на походот што бил извршен од страна на кралот Стефан. Претставниците на најраспространетото гледиште, кнезот Кеан го идентификуваат со еден од трите погоре спомнати владетели, укажуваат на делот од Композицијата на хрониките којшто се однесува на тоа, при што го употребуваат и изворниот податок за основањето на црквата Св. Албан во Намур, поврзувајќи го со балканскиот поход на кралот Стефан. Ова сфаќање ќе го определиме со атрибутот „традиционално". Второто становиште се оформи во последниве дветри децении, кога унгарските историчари податоците од унгарската хроничарска литература и дипломатската граѓа од XIII век ги споредиле со односните делови на прашањето Кеан, што се наоѓаат во Композицијата на хрониките од XIV век. Овој историографски поглед го одбележуваме со изразот „ново гледиште". Според претставниците на ова становиште, Кеан можеби бил унгарски племенски водач, а географското место на неговата бугарско-словенска кнежевска власт треба да го бараме внатре во рамките на Карпатскиот басен, и тоа во Јужна Трансилванија, поточно јужно од реката Марош, во средината на високите планини на Карпатите.[8] Во однос на тоа се согласуваме со мислењето на Ѓула Криштоф, според кој ако го прифатиме „новото" гледиште, во тој случај „...сочуваната во хрониките вест за воената акција на Стефан против Кеан не се прифаќа како настан од надворешнополитички карактер и истиот треба да го вброиме во редот на оние борби на кралот што ги водел за потполно освојување на Карпатскиот базен".[9] Поради тесните рамки што ни стојат на располагање, немаме можност за едно детално преставување на мислењата на претставниците на обете концепции коишто преовладуваат во унгарската историографија. На ова место само ќе укажеме на одличниот преглед на Ференц Мак, кој во својот труд под наслов „Унгарија и нејзините источни соседи во времето на Св. Стефан", јасно и концизно ги прикажал публикуваните студии сè до 1988 година.[10]

Имајќи го предвид сето ова, се наметнува прашањето зошто е потребно одново да се поставува тематскиот круг, којшто е набележан и во насловот на нашиот прилог? Тоа го правиме затоа што во досегашните расправи по ова прашање се присутни голем број противречности. Кон тоа може да го придодадеме и фактот што одделни автори своите заклучоци, произлезени од унгарската хроничарска литература, често ги менуваат не само во однос на хронологијата, туку и во однос на географското определување и на тој

[8] *Petrovics I.*: Szent István államszervezése (Во кн.: Az államalapító. Szerkesztette és az elöszót írta Kristó Gyula., Budapest 1988., 75); *Makk F.*: Magyar külpolitika (896 – 1196). (Szeged 1993., 44).

[9] *Kristó*, Az Árpád-kor 56-57.

[10] *Makk*, Magyarország és keleti szomszédai 84 и наведената литература.

начин истите ги употребуваат за поставување на бројни неосновани теории. При компаративното споредување на овие заклучоци, забележавме дека еден ист автор и по прашањето на улогата на Кеан, а и по прашањето на походот што го водел кралот Стефан против него, своите погледи постојано ги менува. Тоа се однесува не само на прашањето за Кеан, туку и за вреднувањето на податоците што ги извлекуваат од основачкиот акт на црквата Св. Албан во Намур. Токму затоа, како појдовна основа на нашите истражувања го избравме делот од Композицијата на хрониките од XIV век и методолошки извршивме паралелно споредување на досега изнесените погледи и гледишта.

По описот на успешната борба на кралот Св. Стефан против трансилванскиот водач Ѓула, содржински следува 66 поглавје од Композицијата на хрониките, кое известува за третата војна што ја водел кралот против водачот Кеан. Во поглед на времето кога се одиграла оваа војна, и претставниците на „традиционалното" и на „новото" гледиште претпоставуваат повеќе можности. Така, совладувањето на Кеан го датираат непосредно по извршениот поход против Ѓула, т.е. по 1003 година,[11] односно околу времето по потчинувањето на Црните Унгарци во 1008 година, а во најново време настанот се определува во 1010-тите години.[12] Истовремено, изнесените ставови во врска со датумите истражувачите ги употребуваат за докажување на постоењето на некаква претпоставена современа дипломатска мрежа и истите ги користат за да ја прикажат бугарската ориентација[13] на Ѓула и Кеан, односно византиската ориентација[14] на Ајтоњ, а подоцна и на кралот Стефан. Претставниците на „новото" гледиште одат дури дотаму што тврдат дека јужнотрансилванскиот бугарски каганат, кој во лабава форма бил поврзан со Унгарија,[15] постоел од почетокот на XI век и истиот „... претставувал остаток од некогашната бугарска власт и најдоцна во времето на великото кнезување на Такшоњ потпаднал под унгарска власт".[16] Дури во своите најнови синтетички прегледи го додаваат и тоа дека во првите години од владеењето на кралот Стефан на чело на оваа по потекло бугарска творба од типот на племенска „држава" стоел еден водач по име Кеан, кој како унгаризиран дукс, т.е. кнез, владеел над Бугарите и Словените,[17] кого неговите бугарски поданици го нарекувале војвода.[18]

---

[11] *Kristó Gy.*: A Kárpát-medence és s magyarság régmúltja (1301-ig). (Szeged 1993., 115); *Makk F.*: A királyság elsö százada (Ungvár 1992., 60-61); *Makk,* Külpolitika 45-46; *Font, M.*: Magyarok és szlávok az Árpád-kor végéig (Во кн.: Árpád elött és után. Tanulmányok a magyarság és hazája korai történetéröl. Szerkesztette Kristó Gyula és Makk Ferenc., Szeged 1996., 165).

[12] *Makk*, Magyarország és keleti szomszédai 84; *Petrovics*, István államszervezése 75; *Makk*, Külpolitika 44.

[13] *Makk*, Külpolitika 45; *Makk,* Királyság 60.

[14] *Makk,* Külpolitika 44-45; *Makk,* Magyarország és keleti szomszédai 83, бел. 33 и 34.; *Makk*, István és Bulgária 5-6.

[15] *Makk*, Királyság 60.

[16] *Makk,* Külpolitika 45.

[17] *Kordé Z.*: Keán (Во кн. Korai magyar történeti lexikon (9-14. Század). Föszerkesztö Kristó Gyula., Budapest, 1994., 338).

[18] *Kristó*, A magyarság régmúltja, 115.

Според нас, овие самоволни заклучоци не само идните истражувачи, туку и пошироката јавност што се интересира за историското минато, ги одведуваат во областа на бескрајните претпоставки. Ставовите на приврзаниците на „новата“ теорија во однос на прашањето дали постоел еден вид дипломатска мрежа во почетокот на XI век не можат да се поткрепат со научни аргументи, бидејќи за тоа не постојат изворни податоци во споменатите делови на хрониките.[19] Овој сопствен став го потврдуваме со веќе еднаш од наша страна изразеното мислење за тоа дека војната што ја водел византискиот цар Василиј II против Самуил и неговите наследници во хронолошки и географски поглед треба да ја одделиме од централистичките борби на кралот Стефан.[20] Што се однесува, пак, до фиктивната или вистинската историска личност на Кеан, сметаме дека неговото име во хрониките се појавува како лично име, а не како име што означува некое достоинство.[21]

И понатаму, кога претставниците на „новото“ становиште го истакнуваат распространувањето на кнежеството на дуксот Кеан во Јужна Трансилванија, не обрнуваат внимание на едно упатување од пресудна важност. Имено, во 65-то поглавје на Композицијата на хрониките од XIV век компилаторот нè известува за тоа дека во времето на војната што ја водел кралот Стефан против неговиот вујко Ѓула, „... ја управувал целата Задпланинска земја“.[22] Ако целосно му дадеме доверба на ова известување, што претставниците на „новото“ историско гледиште за жал го „заборавaат“, тогаш кнежеството на водачот Кеан не треба да го бараме на територијата на Јужна Трансилванија туку некаде на друго место. Тоа го потврдува фактот што во двата изворни податока за реконструкција на балканскиот поход на Св. Стефан подеднакво се присутни споменувањето за непроценливото азно и на Кеан, односно на војната што се водела против „варварите“. Имено, овие елементи играат важна улога во хроничарската литература, а исто и во расказот за основањето на црквата Св. Албан.

Со ова стасавме до најважниот дел од нашиов прилог. Во текот на истражувањето баравме одговор на прашањето кој бил вистинскиот повод за промената во надворешнополитичката ориентација кон Балканот на унгарската држава во почетокот на XI век, кога се одиграла балканската експедиција на кралот Стефан и каде треба да го бараме местото на воената акција?

---

[19] *Makk*, Magyarország és keleti szomszédai 83.

[20] На тоа нè предупредил веќе *Злaтарски, В.*: История на Българската държава през Средните векове, I/2. (София 1971²., 673 и бел. 12); *Иљовски*, Сојуз 89-91.

[21] Претпоставката на *Kordé*, Keán 338 ја прифаќа и Ласло Веспреми. Сп.: *Anonymus*. A magyarok cselekedetei. *Kézai Simon*. A magyarok cselekedetei. Anonymus *müvét* Veszprémy László, Kézai müvét Bollók János fordította. Az utószót és a jegyzeteket Veszprémy László írta (Budapest 1999., 18, 57, бел. 81).

[22] *SRH* I., 315-5-7; *A Képes Krónika* I-II.Fordította Bellus Ibolya.A forditáshoz kapcsolódó jegyzeteket Kristó Gyula készítette (Budapest 1987., 18.); *Magyarország története*, I/1. Kötet (Budapest 1984., 764-765: Györffy György. – Во натамошниот текст: *MT* I/1); *Erdély története*, I. Kötet (Budapest 1986., 273-284: Makkai László).

На овие прашања претставниците на современата унгарска историографија имаат различни одговори.

Познато е дека во средновековна Европа односите меѓу феудалните владејачки семејства се граделе врз мрежата на комплицираниот династички принцип. Овие, понекогаш тесни, а другпат лабави врски, всушност, се засновувале на традиционалните и доста статички династички интереси. Нарушувањето, односно нанесувањето повреда на извесни династички интереси доведувало до раскинување на овие нашироко распространети владеачки односи, а во многу случаи тоа се претворало во крвави војни меѓу одделните феудални држави. Кон ова династичко устројство се приклучила и младата унгарска држава на чело со Св. Стефан, чии политички основи биле положени од неговите претходници, великите кнезови Такшоњ и Геза. Имајќи го сето тоа предвид, и претставниците на унгарската и на странската историографија поводот за походот на кралот Стефан на Балканот со право го барале во нарушувањето на династичкиот принцип од страна на Самуил и од неговиот син Гавриил Радомир. Како потврда за тоа ни служат двете дополнувања на епископот Михаил од Девол,[23] каде што се презентира еден факт, што мнозинството од истражувачите не го зеле предвид. Имено, во историската наука владеат различни мислења[24] во врска со времето на склучување на бракот со Гавриил Радомир на анонимната унгарска принцеза, која најновите истражувања ја идентификуваат со една од ќерките на кнезот Геза, односно како сестра на кралот Стефан, и кога и зошто била протерана од нејзиниот сопруг. Во нашиот прилог во којшто зборувавме за византиско-унгарскиот сојуз во почетокот на XI век, го прифативме мислењето на видниот унгарски медиевист Ѓорѓи Ѓорфи според кое непознатата по име девојка, која потекнувала од унгарскиот кнежевски дом, треба да ја бараме во редот меѓу помладите сестри на кралот Стефан,[25] а не меѓу неговите постари сестри, како што тоа го истакнуваат повеќето од истражувачите. Ако го при-

[23] *Ioannis Scylitzae Synopsis* historiarum.Editio princeps, Recensuit Ioannes Thurn (Berolini et Novi Eboraci MCMLXXIII., 350, 56-58; 409, 95- 96; *Извори за българската история*, XI. *Гръцки извори за българската история*, VI, (София 1965., 284, 302); *Византијски извори за историју народа Југославије*. Том III. (Београд 1966., 109, 143); *Az Árpád-kori magyar történet bizánci forrásai*. Összegyüjtötte, fordította, bevezetéssel és jegyzetekkel ellátta Moravcsik Gyula (Budapest 1988., 97-98).

[24] *Илјовски*, Петар (О)Делјан, Прилог 2; Генеалогија на фамилијата на великиот кнез Арпад; *Илјовски*, Сојуз 86-87, 92.

[25] *Györfy Gy.*: István király és müve (Budapest 1977., 284-285); = *MT* I/1., 811-812. Повикувајќи се на непотполните и за критичкото истражување недоволни податоци на изворите, *Les'ny, J.*: Pan'stwo Samuela a jego zachodni sasiedi., Balkanica Posnaniensia II (Poznan') 1985., 89-92., по прашањето за потеклото на непознатата унгарска принцеза покренал неразбирлива и за нас неоснована хипотеза со тврдењето дека првата сопруга на Гавриил Радомир би можела подеднакво да потекнува од семејството на великиот кнез Геза, односно од семејството на племенските водачи Копањ, Ѓула и Ајтоњ. Неговото гледиште во најново време го прифаќа и *Пириватрић, С.*: Самуилова држава (Београд 1998., 118-119); Сп.: *Илјовски*, Сојуз 90-91; *Bogyay T.*: Stephanus rex (Debrecen 1988., 51).

фатиме овој факт, во тој случај ќе бидеме принудени да ги промениме нашите размислувања не само за датумот на воспоставувањето на династичките односи меѓу двете владејачки семејства,[26] туку и за причината[27] и времето на овој еднострано раскинат брак.

---

[26] *Györffy*, István király 284; 1001 година; *Makk*, Magyarország és keleti szomszédai 82, 86 и наведената литературеа во бел. 19.; *Kristó Gy. – Makk F.*: Árpád-házi uralkodók (Budapest 1988., 28: 988 година); *Иљовски*, Сојуз 80-82 и наведената литература. Датумот на протерувањето на анонимната унгарска принцеза во најново време се определува околу 997 – 998 година од страна на *Makk, Királyság* 60; = *Makk,* István és Bulgária 4-5, и бел. 13.; *Makk*, Külpolitika 45. Неговото мислење го прифаќа *Kristó Gy.*: Magyarország története 895-1301. Kézirat (Budapest 1984., 49: 988 година). Во најново време датумот за склучување на овој династички брак се определува во интервалот меѓу 997 и 1000 година од *Димиӣров, Хр.*: Българо-унгарски отношения през Средновековието (София 1998., 81, 358).

[27] Истакнувајќи го склучувањето на династичкиот брак и неговото раскинување пред 985/986 година, можноста за воспоставување на византиско-унгарски сојуз *Les'ny*, Pan'stwo Samuela 92-93 и бел. 17., временски ја поврзува со преминот од X во XI век, т.е. со времето на воените походи покрај р. Дунав, а тоа значи непосредно пред крунисувањето на Стефан за крал. Својот заклучок го заснова врз фактот што во својата надворешна политика унгарскиот крал се ориентирал кон исток. Надоврзувајќи се кон ова негово размислување од наша страна ќе го додадеме тоа дека до промената во надворешно-политичката ориентација на младата унгарска држава кон Исток, односно кон Југоисток дошло малку подоцна, т.е. таквата ориентација се развила во првата деценија на новиот милениум, и истата дошла до израз во наредната деценија за време на полско-унгарскиот, одосно полско-рускиот конфликт. Сп.: *Györffy*, István király 280-284. По прашањето за раскинувањето на бракот *Димиӣров*, Отношения 81 повторно се враќа кон еднаш веќе искажаното од страна на *Злаӣарски*, *Историја* I/2., 672-673 и бел. 11., мислење, кога – според нас неосновано истакнува дека "... Това станало вероятно през 1000 – 1001 г.". Стремејќи се да ја поткрепи прејудицираната теорија според која протерувањето на анонимната принцеза (во 1001 година!) претставувал еден вид чин на одмазда за склучениот „ ... не пъксно от 1000 – 1001 г." византиско-унгарски сојуз, *Димиӣров*, Отношения 81-82, 358., без никаква основа се повикува на изворот, во којшто се опишува животот на Св. Атанасиј. Во претходно споменативе два наши прилога ние сме го имале предвид овој византиски извор, но сметавме дека истот не се однесува за нашата тема, бидејќи тие податоци се поврзани со една таква област, којашто географски надалеку се простира од југозападното македонско бојно поле. Истовремено, поистоветувањето на Турките, кои се споменуваат во овој извор, со помошните одреди на унгарскиот крал може да се собори со аргументот дека во легендата не се споменува кралот Св. Стефан, кој би застанал на чело на напаѓачите, а за нас уште понеразбирливо било тврдењето зошто унгарските сојузнички сили би ги нападнале мирните поданици на византискиот василевс. Изгледа дека Турките, коишто се споменуваат во Житието на Св. Атанасиј, без секаква основа *Хр. Димиӣров* ги поврзува со воената помош на унгарскиот крал макар што добро знаеме за тоа дека во тоа време Стефан пред сѐ бил окупиран со грижите околу сопственото крунисување за христијански крал, а не да

Во нашите претходни истражувања дојдовме до заклучок дека иницијативата за воспоставување династички врски меѓу фамилијата на царот Самуил и унгарската владејачка фамилија потекнувала од Самуил. Причината за тоа безусловно треба да ја бараме во внатрешните и надворешнополитичките интереси на царот Самуил, и тоа поради околностите што во последната деценија на X век византискиот цар Василиј II не само на бојното поле туку и во областа на дипломатијата настојувал да го изолира својот жилав противник, кој долго време му се спротивставувал. Во погоре споменатата статија времето на склучувањето на бракот го поврзавме со настаните што ѝ претходеа на 997 година, а тоа мислење го потврдуваат резултатите на современата унгарска медиевистика.[28] Понатаму, од наша страна било истакнато дека меѓу остварувањето на овој антивизантиски династички акт и протерувањето на бремената унгарска принцеза морало да помине еден подолг[29] а не – како што тоа го тврди еден голем број од истражувачите – сосема краток[30] период. Кон оваа претпоставка нè поттикнува јасното упатување на деволскиот епископ кој, всушност, пишува дека Самуил сè уште бил жив кога неговиот син Гаврил Радомир ја истерал својата сопруга од унгарско потекло. Значи, времето на овој, во средновековните сфаќања непријателски, чин не можело да биде толку оддалечено од датумот на смртта на Самуил (6 октомври 1014 година), т.е. до раскинувањето на брачниот однос можело да дојде само во претходните години. Можно е да се претпостави дека тоа се случило во првата деценија на XI век, а токму тогаш кога византискиот цар Василиј II во војната против Самуил ја презел иницијативата

---

војува на далечни земји и да учествува во освојување на Кесареја. За неоправдан редослед на настаните, т .е. најпрвин склучување на византиско-унгарскиот воен сојуз и потоа протерување на сопругата на Гавриил Радомир веќе порано се изјасниле *Венедиков, Ив.*: Първият брак на Гавраил-Радомир (Во кн.: Сборник в памет на професор Александър Бурмов., София 1073., 151), потоа *Коледаров, П.*: Политическа география на средновековната Българска държава. Първа част. От 681 до 1018 г. (София 1979., 56-57) и *П. Петров*: История на България. Том втори. Първа българска държава (София 1979., 56-57).

[28] *Венедиков*, Първият брак 149: почетокот на 997 година. Во врска со датумот за склучување на бракот кон порано во историската литература искажани гледишта со вредни забелешки се надоврзал *Les'ny*, Pan'stwo Samuela 90, 92. Меѓутоа, ние го сметаме за многу ран од негова страна претпоставен, и тоа веројатен датум, т.е. дека династичкиот акт би можел да се случи пред 985 – 986 година, значи во времето пред да го освојат војските на Самуил градот Лариса. *Makk*, Külpolitika 35: околу 995 година; *Korai magyar történeti lexikon* (9-14 század). Föszerkesztö Kristó Gyula (Budapest 1994., 61: Генеалошка табла, Династија на Арпад, 1: околу 995 година); = *Árpád elött és után.* Tanulmányok a magyarság és hazája korai történetéröl (Szeged 1996., 169: Генеалошка табла). Своето порано изнесено мислење донекаде го изменил *Kristó Gy.*: Magyarország története 895 – 1301 (Budapest 1998., 87: крајот на 980-те години или можеби само околу 995 г.).

[29] *Györffy*, István király 168 = *MT* I/1., 812.

[30] *Златарски,* История I/2., 673; *История* II., 413; *Les'ny*, Pan'stwo Samuela 92; *Пириватрић*, Држава 119.

врз основа на еден добро подготвен воен план и едноподруго повторно ги освојувал стратегиски важните територии и значајни градови.[31] Истовремено, со постигнатите успеси на бојното поле, Василиј II го употребил и оружјето на старата и прочуена византиска дипломатија со што ја придобил помошта на градот на Св. Марк, т.е. на Република Венеција.[32]

Во една таква историска ситуација, врз основа на сè уште воспоставените династички односи, царот Самуил со право би очекувал добивање воена помош од страна на владетелот на новата христијанска унгарска држава, кој од друга страна, како што ни е познато, не се наоѓал во таква положба да го направи тоа, бидејќи неговото внимание и воените сили биле свртени кон централистичките борби за проширување на кралската власт.[33] Според нашата претпоставка, изоставувањето на воената поддршка од страна на кралот Стефан навистина би можеле да го сметаме за вистинскиот повод којшто довел до еднострано и грубо раскинување на династичкиот однос.[34] На еден таков сличен случај унгарскиот двор бил сведок пред четвртина век порано, кога неочекувано дошло до раскинување на династичките односи меѓу унгарскиот и полскиот кнежевски двор.[35] Ако во случајот на Полска – имајќи ги предвид познатите историски услови – не можело да дојде до една унгарска непријателска акција, тогаш во случајот на Самуил и неговите наследници за самиот Стефан, чие овој пат веќе христијанско-кралско достоинство било повредено, се создала реална историска ситуација не само да го раскине сојузот, којшто се засновувал врз бракот на неговата помлада сестра, туку и преку ред дипломатски чекори да се поврзе со – според византинолозите – најголемиот европски владетел на тоа време, царот Василиј II.

И не случајно е тоа што во надворешната политика на кралот Стефан, почнувајќи од 1004/1005 година, забележуваме негово приближување кон Византија. Токму во овој временски период, поточно во 1009 година паѓа склучувањето на бракот меѓу другата помлада сестра на унгарскиот крал и на венецијанскиот дужд Ото Орсеоло, потоа спомнатата во *Легендата на Маргарета* свршувачка на неговиот син Имре со анонимната византиска принцеза околу 1013 или 1015 година, која била во тесна роднинска врска со византискиот царски дом.[36] Со посредство на таквите чекори, Стефан на-

---

[31] *Златарски*, История I/2., 686-687; *Zakythinos, D.A.:* Byzantinische Geschichte 324 – 1051 (Wien – Köln – Graz 1979., 227-230 и наведената литература); *Адиевски, К.:* Пелагонија во Средниот век (Од доаѓањето на Словените до паѓањето под турска власт). (Скопје 1994., 37-38 и наведената литература); *Пиривайриќ*, Држава 115-118.

[32] Сп.: *Иљовски,* Сојуз 91, бел. 50.

[33] *Makk*, Magyarország és keleti szomszédai 83; *Kristó – Makk,* Uralkodók 44.

[34] *Györffy,* István király 285-286; *MT* I/1., 812; *Иљовски*, Сојуз 91-92. Кон нашето мислење се придружил и *Пиривайриħ*, Држава 119, според кој протерувањето на унгарската принцеза од страна на престолонаследникот Гавриил Радомир "...наводи на помисао да су наде које је Самуило полагао у савез са Угарском неким догађајем биле изневерене....".

[35] *Györrfy,* István király 276; *MT* I/1., 737–740, 807.

[36] *Árpád-kori legendák és intelmek.* A válogatás, a bevezetö tanulmány, a jegyzetek és a szöveggondozás Érszegi Géza munkája. Fordította Csóka J. Gáspár, Érszegi Géza, Kurcz Ágnes,

вистина „...се вклучил кон приврзаниците на василевсот.“[37] Познато ни е и тоа дека династичките односи во Средниот век по потреба биле поврзани и со давање воена помош – појава што во тоа време се сметала за многу честа.[38]

Во таа смисла, во случај и да го отфрлиме потполно мислењето на приврзаниците на „новото“ гледиште, според кое изворниот податок за Кеан, којшто се споменува во Композицијата на хрониките од XIV век, не треба да се поврзува со балканскиот поход на кралот Стефан,[39] сепак, на наше располагање стои другиот, и тоа до самиот настан временски поблизок податок, којшто известува за необичниот воен подвиг на првиот унгарски христијански крал и во чија изворна вредност само по себе не можеме да се сомневаме. Тоа не можеме да го оспориме и поради тоа што записот за основањето на црквата посветена на Св. Албан во градот Намур (ден. Белгија), покрај тоа што потекнува од перото на странски автор, истиот бил создаден пред децениите што му претходеле на канонизирањето за светец на кралот Стефан.[40]

Составениот на латински јазик извор, запишан непосредно по 1064 година од непознат калуѓер, којшто раскажува за основањето, односно за обновувањето на црквата Св. Албан во Намур, известува за еден чуден и интересен настан. Поранешниот епископ на епархијата Бихар[41] Леодвин од Лотарингија, кој меѓу 1050 и 1060 година го посетил градот Намур, по завршувањето на вообичаениот црковен обред, ѝ подарил две скапоцени црковни реликвии на месната црква, а на месните црковни првенци им оставил да го забележат потеклото на дарот за идните поколенија. Според тоа, на епископот Леодвин, кој околу 1048 година се вселил во Унгарија, по крунисувањето на унгарскиот крал Андреа I му била доверена задачата да состави инвентарен попис за количеството, потеклото и состојбата на кралските скапоце-

---

Szabó Flóris (Budapest 1983., 207 и бел. 11.; 125.) = Budapest 1992², 59, 193-194 и бел 11.; 118-119.; *Magyar legendák és geszták.* Fodította, összeállította és bevezetéssel ellátta Bíró Bertalan (Budapest 1997., 82, 150-151).

[37] *Makk*, Magyarország és keleti szomszédai 84 и наведената литература; *Kristó*, Az Árpád-kor 56; *Kristó - Makk*, Uralkodók 44; *Kordé,* Külpolitika 131; *Makk,* Külpolitika 50.

[38] *Makk*, Külpolitika 37.

[39] Прашањето за фиктивната и вистинската историска личност на водачот Кеан, кој се споменува во изворите, детално го разгледал *Kristó Gy.*: Kean, Szent István ellenfele., Acta Universitatis Szegediensis de Attila József nominatae, Acta Historica. Tomus XCVIII (Szeged 1993), 15-28. До вредните согледувања, коjшто во својот прилог *Ѓ. Криштоф* ги изложил, за наша голема жалост сме дошле по изложувањето на ова предавање. Независно од тоаа што со некои аспекти од неговите гледања не се согласуваме, сепак аргументациите на авторот, коишто се засновуваат врз изворите, ги сметаме за непристрасни и за нас во најголема мера прифатливи, а за идните истражувања тие ќе послужат како меродавни погледи.

[40] *Györffy*, István király 126.

[41] *Kristó Gy.*: Megjegyzések az ún. „pogánylázadások“ kora történetéhez (Во кн.: *Kristó Gy.*: Tanulmányok az Árpád - korról., Budapest 1983., 111).

ности што се чувале во местото за крунисување, т.е. во Секешфехервар. Во текот на својата работа Леодвин го забележал тоа дека секој вредносен предмет од целокупното азно бил придружен со ливчиња на коишто било означено нивното потекло. Меѓу вредностите на кралската ризница, меѓу другото, се наоѓале оние реликвии на Св. Георги и на Св. Никола од Смирна коишто, според раскажувањето на Леодвин, биле пренесени во Унгарија по успешниот поход на кралот на Панонија Стефан против „варварите“, кој се наоѓал во сојуз со константинополскиот цар.

Расказот на епископот Леодвин сведочи и за тоа дека во текот на војната против Самуил и неговите наследници, во време што од наша страна тешко може да се определи, византиската војска го нападнала градот Кесареја (Caesareia). Во нападот против овој град, како рамноправен сојузник на Византијците, на чело на својата војска лично застанал унгарскиот крал. Раскажувајќи за заедничката воена акција, Леодвин ни опишува една важна работа. Како што му доликува на еден вистински христијански крал, Стефан не пристапил – како што тоа го направиле Византијците – кон ограбување и уништување на освоениот град, туку на чело на својата воена придружба тој влегол во црквата којашто била посветена на Св. Георги и се погрижил за спасување на црковното азно – меѓу кое се наоѓале и погоре спомнати вредни црковни реликвии што се чувале во ова место. Спасеното многубројно азно, кралот Стефан потоа го однел во Унгарија и подоцна ѝ го подарил на тукушто изградената црква за крунисување во Секешфехервар.[42] Меѓу изворите коишто раскажуваат за надворешнополитичките воени подвизи на кралот Стефан, можеби овој податок е тој што непосредно најмногу и со доста многу подробности го открива вистинското одвивање на настаните. Единствено се судруваме само со таа тешкотија што црковното лице, кое го забележало расказот на епископот Леодвин, не го означило датумот, а може и така да се изразиме, како да заборавило да нè извести за времето на воениот потфат на унгарскиот крал.

Но, каде би можеле да го бараме градот од каде што потекнуваат реликвиите, коишто се нашле во Намур? По прашањето за определување на местоположбата на градот Кесареја во текот на досегашните истражувања најпрвин се покрена идентификувањето со Скопје, потоа како резултат од истражувањата на Ѓорѓ Ѓорфи не само во унгарската, туку и во странската стручна литература сè почесто се проширила мислата за тоа дека тоа може да биде Охрид.[43] Меѓутоа, ова скоро пред половина век поставена и подоцна,

---

[42] *Les'ny*, Panstwo Samuela 93-94; *Илјовски*, Сојуз 97 и наведената литература. Сп.: *Kristó*, Az Árpád-kor 56-57; *Kristó – Makk*, Uralkodók 44.

[43] *Györffy Gy.:* A szávaszentdemeteri görög monostor XII. századi birtokösszeírása. A Magyar Tudományos Akadémia Társadalmi-történeti Osztályának Közleményei II (Budapest 1952), 336-337; = *Györffy Gy.:* Das Güterverzeichnis des griechischen Klosters zu Szávaszentdemeter (Sremska Mitrovica) aus dem 12. Jahrhundert., Studia Slavica Academiae Scientiarum Hungaricae V, 1-4 (Budapest 1959), 17-22; *Moravcsik Gy.:* Bizánc és a magyarság (Budapest 1953., 66: Cesarie=Ochrida, Skoplje?); = *Moravcsik Gy.:* Byzantium and the Magyars (Budapest 1970., 62.); *Györffy Gy.:* Geschichte der Eroberung Ohrid durch Basileios II (Во кн.: Actes du XII Congrès

повеќепати повторувано стручно мислење, коешто се прошири и во круговите меѓу најновите претставници на унгарската медиевистика,[44] и тоа дури без никакво критичко оценување, ние го сметаме за неоправдано. Тоа го правиме затоа што оваа идентификација, според која – тргнувајќи од значењето на „...името (на градот) Cesari(e) ‘царски’, го означувал царското седиште, т.е. Охрид“,[45] се засновува на самоволна реконструкција, и не ги зема предвид ниту лингвистичките аспекти, ниту целокупната изворна граѓа, па дури и - оттогаш повеќепати - изнесените странски стручни определувања.[46]

Да ги земеме по ред нашите аргументи, коишто зборуваат против идентификацијата на Кесареја со градот Охрид: 1. Во расказот на епископот Леодвин се наоѓаат два географски поими, коишто всушност претставуваат основа за натамошна ориентација: тие два поими се името на градот и на црквата Св. Георги; 2. Во изворот поимот Кесареја е употребен како именка, а не како придавка; 3. Споменувањето на фактот за тоа дека при предавањето на тврдината на Охрид во 1018 година во рацете на победникот, царот Василиј II, попаднало многубројно царско благо не е доволен доказ за тоа името на градот Кесареја исклучиво да се поврзува со Охрид. Имено, ако од податоците на византиските извори, пред сè од историското дело на Јоан Скилица, го проследиме владеењето на царот Самуил и на неговите наследници, тогаш ќе установиме дека ниеден од нив не располагал со постојано седиште, т.е. седиштето на престолниот град зависно од воените настани постојано се менувало. За постоењето на такви места (градови, тврдини и утврдени локалитети) во својата хроника повеќепати нè известува самиот Јоан Скилица;[47] 4. Охрид уште во доцниот Стар век во своите градски ѕидови ги примил приврзаниците на христијанската вероисповед. Во текот на Средниот век градот се претворил во значаен христијански црковен центар. Не само во внатрешноста на самиот град, туку и во подалечните области, коишто се наоѓале под неговата црковна надлежност, изградени биле многубројни и од културно-историски аспект значајни христијански цркви, манастири и култ-

---

international d’études byzantines. Ochride 10-16 septembre 1961. Tome II. [Beograd 1964.], 149-154; *Györffy,* István király 288-289; *MT* I/1., 814 (Györffy Gy.).

[44] *Kristó,* Az Árpád-kor 56; *Kristó - Makk,* Uralkodók 44; *Makk,* Magyarország és keleti szomszédai 84, 88 и бел. 41; *Makk,* István és Bulgária 7; *Kordé,* Külpolitika 137.

[45] *Györffy,* A szávaszentdemeteri monostor 337 и наведената литература.

[46] Мислата за тоа дека Охрид како „царски град“ е идентичен со Кесареја веќе порано била оспорена од *Les´ny,* Pan´stwo Samuela 94.

[47] За време на владеењето на Самуил и на неговите наследници освен градовите Охрид и Преспа значајни царски седишта биле градот Пелагонија (ден. Битола), потоа тврдините Сетина (Σέτενα), Петриско (Πετερισκός) и Соск (Σωσκός) во Југозападна Македонија. Сп.: *Scylitzes* 351,3-4; 353,42; 353,59; 356,36-37; *Ἰωακείμ Ἰβηρίτης* Ἰωάννου Σταυρακίου Λόγος εἰς τά θαύματα τοῦ Ἁγίου Δημητρίου., Μακεδονικά I (1940), 360,11-29; *ИБИГИБИ* XI/VI., 287 и бел. 2., 3.; 288, 295; *ИБИГИБИ* XXII/X., 126-132; *ВИИНЈ* III., 46-48., 107 и бел 97., 109-110 и бел. 101; 116 и бел. 129., 122 и бел. 150; *Томоски, Т.:* Butella civitas Pelagoniae., Историја XVI, 2 (Скопје 1980), 17-19; *Томоски, Т.:* Преспа во Средниот век., Историја XV, 2 (Скопје 1979), 66; *Симовски, Т.:* Населените места во Егејска Македонија. Географски и стопански карактеристики. Книга прва (Скопје 1978., 149, 234.); *Аџиевски,* Пелагонија 35-62.

ни места. За нас необично делува тоа што во редот на овие верски градби во текот на долготрајниот Среден век ниту во пишаните извори, ниту во народните преданија не слушаме ни за една црква, којашто би била подигната во чест на Св. Георги. Веќе само по себе поради овој факт треба да ја отфрлиме мислата за тоа дека Кесареја (Caesareia) е идентична со градот Охрид. Заслужува внимание и забелешката на Стјепан Антолјак, кој врз основа на тоа дека во источниот дел на Балканскиот Полуостроив во голема мера бил распространет култот на Св. Георги ја доведе во прашање мислата за идентификување на Кесареја со Охрид, и ја предложил можноста за тоа дека градот би можел да биде Велики Преслав.[48] Меѓутоа, во Средниот век постоела една црковна градба на територијата на денешно Скопје, којашто го носела името на Св. Георги. Врз основа на тоа Геза Фехер, а придружувајќи му се, и бројните унгарски и бугарски историчари градот Кесареја го идентификувале со средновековно Скопје.[49] Врз основа на подоцнежните темелни истражувања на податоците, коишто се извлекуваат од византиските хроники и од средновековните бугарски и српски дипломатички извори, составени на црковно-словенски јазик, оваа претпоставка не ја издржува научната критика, бидејќи од една страна - како што тоа го потврдуваат и најновите согледувања - манастирот Св. Георги бил изграден по настаните за коишто погоре станува станува збор, т.е. за време на владеењето на византискиот цар Роман III Аргир,[50] од друга страна, таков црковен објект, посветен на еден Светец, кој го носел тоа име, според дипломатичките извори не треба да го бараме во внатрешноста на средновековното Скопје, туку на ридот, којшто се нарекувал Вирпино наспроти самиот град.[51] Познато ни е и тоа дека овој важен град веќе од 1004 година се наоѓал под власта на византискиот цар.[52] Врз основа на тоа идентификацијата на Скопје со местото на походот на Св. Стефан отпаѓа од делокругот на нашите истражувања.

Местоположбата на балканскиот поход на кралот Стефан може да ја идентификуваме со градот *Кесареја*, којшто се наоѓа во јужниот дел на Македонија (во денешна Грција), и тоа на левата страна на р. Халјакмон (Ἀλιάκμονας; Бистрица), оддалечен 16 км југоисточно од денешниот окружен град

---

[48] *Антолјаак, С.:* Самуиловата држава (Скопје 1969., 155-156 и наведената литература). Оваа претпоставка со право била отфрлена од *Les´ny,* Pan´stwo Samuela 94-98.

[49] *Fehér G.:* Bulgarisch-ungarische Beziehungen in den V-XI. Jahrhunderten., Keleti Szemle (Revue Oriental), XIX, 2 (1920-1922), Pécs 1921., 153-154, 182; *Венедиков,* Първият брак 152; *Димитров,* Отношения 83, 358: „...околу 1002-1003 година Унгарците им помогнале на Византијците да го освојат Скопје (Cesarie - Царски град?)".

[50] *Томоски, Т.:* Скопје од XI до XV век (Во кн.: *Споменици* за средновековната и поновата историја на Македонија. Том I., Скопје 1975., 57); *Мошин, В.:* Грамотите на манастирот Св. Георги-Горг Скопски (Во кн,.: *Споменици* I., 118-119); *Кисас, С.:* Српски средњовековни споменици у Солуну., Зограф 11 (Београд 1980), 36 и бел. 64.; *Бошкоски, М.:* Прилог кон историјата на манастирот Св. Георги-Горгос во XI век., Гласник [на] Институт[от] за национална историја XXIX, 1-2 (Скопје, јануари-август 1985), 201-202 и наведената литература.

[51] *Петров, К.:* Грамотите на манастирот Св. Георги Горгос и обид за изнаоѓање на неговиот локалитет (Во кн.: *Споменици* I., 242-247).

[52] *Scylitzes,* 346,56-69.

Козани (Кожани). На ова место на над 330 м надморска височина и ден-денес постои една тешко пристапна населба со такво име.[53] Прашањето за постоењето на овој развиен во доцните векови на античкиот свет и во Средниот век верски центар досегашните делумни истражувања на грчката археологија и византинологија сè повеќе и повеќе го осветлуваат. Наспроти тоа што бугарскиот византинолог Геновева Цанкова-Петкова уште во 1960 г. ни обрнала внимание за значењето на овие истражувања, сепак ова вредно упатување истражувачите на унгарскиот среден век не го земале предвид.[54] Од извршените во 1960-те и 1970-те години површински ископувања на грчките археолози може да очекуваме сè посестрано запознавање со средновековна Кесареја. Истовремено може да се надеваме и во тоа дека овие истражувања ќе ја откријат и црквата, којашто била подигната во чест на Св. Георги[55]

А, што се однесува до прашањето за времето на походот на кралот Стефан и унгарските и странските истражувачи, независно од тоа дали градот Кесареја го идентификуваат со Скопје или со Охрид, споменуваат различни датуми. Во историографијата досега биле изнесени мислења за тоа дека тој настан треба да се поврзе со преминот од X во XI век,[56] годините 1001 – 1005,[57] 1002 – 1005,[58] 1003,[59] 1004,[60] 1015,[61] и годината

---

[53] *Bees, N.N.:* Zum makedonischen Bistum Kaesareia., BNJ X (1933), 346-348; *Keramopullos, A.D.:* Wo lag die ΚΑΙΣΑΡΕΙΑ des Procopius (De aed. IV,3,273=V,422)., Известия на Българския Археологически Институтъ (Actes du IVe Congrès international des études byzantines, Sofia, Septembre 1934), (София 1935), 407-413; *Кънчов, В.:* Избрани произведения. Том втори. Македония. Етнография и статистика (София 1970., 580); *Симовски, Т.:* Атлас на населените места во Егејска Македонија (Скопје 1997., 39); *Симовски, Т.:* Населените места во Егејска Македонија. Том I. (Скопје 1998., 316).

[54] *ИБИЛИБИ* VII/II., 372-373 и бел. 5. Оваа можна идентификација не била прифатлива за *Les´ny,* Pan´stwo Samuela 94 поради тоа што - според негово мислење – Кесареја не би можела да игра значајна улога, бидејќи се наоѓала надалеку од боиштето на значајните воени дејствија. Не наведувајќи никаква противаргументација *Димитров,* Отношения 83 категорички го отфрлува мислењето на Г. Цанкова-Петкова.

[55] *Πελεκανίδης, Σ.:* 'Ερευναι ἐν ῎Ανω Μακεδονία., Μακεδονικά V (Θεσσαλονίκη 1963), 364-414; = *Πελεκανίδης, Σ.·* Μελέτες παλαιοχριστιανικῆς καὶ βυζαντινῆς ἀρχαιολογίας (Θεσσαλονίκη 1977., 407 et passim); *Πελεκανίδης, Σ.·* Χριστιανική ἐπιγραφή ἐκ Καισαρείας τῆς ῎Ανω Μακεδονίας (Во кн.: Τόμος Εἰς Μνήμην Κ. 'Αμάντου., 'Αθῆναι 1960., 463-467.); = *Πελεκανίδης,* Μελέτες 401-405.

[56] *Les´ny,* Pan´stwo Samuela 93, 94.

[57] *Váczy P.:* Gyula és Ajtony (Во кн.: Emlékkönyv Szentpétery Imre születése hatvanadik évfordulójának ünnepére., Budapest 1938., 505-506.).

[58] *Hóman B. - Szekfü Gy.:* Magyar történet. I Kötet. Írta Hóman B. (Budapest 1935., 178-179); *Антољак,* Држава 66; *Димитров,* Отношения 83, 358: 1002-1003 година.

[59] *The Cambridge Medieval History.* Vol. IV. The Byzantine Empire. Part I. Byzantium and her Neighbours (Cambridge 1966., 187: пролет 1003 година, Skoplje: *H. Gregoire*).

[60] *Fehér,* Beziehungen 141-156: Skopje; *Deér J.:* A magyar törzsszövetség és a patrimoniális királyság külpolitikája (Kaposvár 1928., 47-48: Skopje [Üszküb]); *Moravcsik Gy.:* A magyar történet bizánci forrásai (Budapest 1934., 173); *Obolensky, D.:* The Byzantine Commonwealth. Eastern Europe, 500-1453 (London 1971., 158: Skopje); *Оболенски, Д.:* Византијски Комонбелт. Превела Ксенија Тодоровић (Београд 1991., 192: Скопље). Во најново време за комбинирана унгарско-византиска акција известува *Историја* II., 413.

[61] *Györffy,* A szávaszentdemeteri monostor 336-337: Ohrid; *Györffy,* Klosters 20-21; = *Györffy Gy.:* Székesfehérvár feltünése a történelmi forrásokban (Во кн.: Székesfehérvár évszáza-

1018,[62] односно најново во временски поширока смисла тој се одиграл во 1010-те години,[63] поточно во периодот меѓу 1014 и 1018 година.[64] За поблиско определување ни стојат на располагање податоците од историското дело на Јоан Скилица, а и упатувањето на подоцнежниот хроничар, Андреа Дандоло од Венеција. Последниов автор за годините 1002-1005 нè известува дека Стефан како „... primus rex Ungarorum" во споменатото време го победил „Boam Bulgarorum duce atque Sclavorum", и потоа од неговото благо ја изградил и ја подарил црквата св. Марија „de Alba", и „откако потчинил многу народи, се одлучил да го напушти овоземниот свет".[65] Во врска со нашата тема овој податок претставува единствен од западна провениенција. Меѓутоа хрониката на византискиот историчар Јоан Скилица изобилува со вести, коишто говорат за многубројните походи на византискиот цар Василиј II против Самуил и неговите наследници. Наспроти опширното прикажување на воените успеси на византискиот цар во почетокот на XI век, Скилица за наредниот, скоро десетгодишен, период не нè упатува ниту кон времето на воените дејствија, ниту кон нивните правци. Тој само соопштува дека василевсот преку месностите Κίαβα Λόγγου и Κλείδιον редовно навлегувал во областите, коишто се наоѓале под власта на Самуил, и таму предизвикувал големи пустошенија.[66] Бројот на податоците за преземените воени потфати сè повеќе се зголемува во врска со описот на битката на

---

dai, I. Az államalapítás kora. Szerkesztette Kralovánszky Alán., Székesfehérvár 1967., 23-24); *Makk,* Magyarország és keleti szomszédai 84, 88 и бел. 41.; = *Makk, F.:* Les relations hungaro-byzantines au Xe-XIIe siècles (Во кн.: European Intellectual Trends. Ed. F. Glatz [= Etudes historiques hongroises. Publiées a l'ocasion du XIIe Congrès international des sciences historiques]., Budapest 1990., 15: Ohrid); *Makk,* Királyság 64: Ohrid; *Makk,* Külpolitika 50: Ohrid; *Makk,* István és Bulgária 6-7: Ohrid; *Kristó,* Magyarország 112.

[62] *Hóman B.:* Magyar Középkor (Budapest 1938., 107.); *Györffy,* Klosters 20-21; *Györffy,* Geschichte 152; *Györffy,* Székesfehérvár 24; *Kosztolnyik, Z.:* Five Eleven Century Hungarian Kings: Their Policies and their Relations with Rome (New York 1981., 10, 122 и бел 52); *Kristó,* MT Kézirat 74; *Magyarország történeti kronológiája.* Föszerkesztö Benda Kálmán. I. Kötet. A kezdetektöl 1526-ig (Budapest 1986., 81); *Kordé,* Külpolitika 137; *Kristó Gy.:* Dia Arpaden-Dynastie. Die Geschichte Ungarns von 895- bis 1301 (Budapest 1993., 80); *Kristó,* A magyarság régmúltja 125; *Font,* Magyarok és szlávok 165; *Bertényi I.:* Szent István öröksége. Magyarország története az államalapítástól a rendiség kialakulásáig (1000-1440), (Budapest 1997., 19.).

[63] *Vékony G.:* A nagyszentmiklósi kincs görög feliratainak olvasatához., Antik Tanulmányok 19 (Budapest 1972), 120; *Vékony G.:* Zur Lesung der griechischen Inschriften des Schatzes von Nagyszentmiklós., Acta Archaeologica Academiae Scientiarum Hungaricae XXV (Budapest 1973, 303-304; *Bakay K.:* A magyar államalapítás (s.l. 1978., 54); *A Képes Krónika* 18 и бел. 220; *Kristó Gy.:* Szent István (Во кн.: Korai magyar történeti lexikon., Budapest 1994., 291); *Kristó Gy.:* Szent István (980 k. - 1038), (Во кн.: Nagy Képes Milleniumi Arcképcsarnok. 100 portré a magyar törtönelemböl. Szerkesztö Rácz Árpád., Budapest 1999., 4).

[64] *Györffy,* A szávaszentdemeteri monostor 333 и бел. 35.; *MT* I/1., 814 (Györffy Gy.); *Bogyay,* Stephanus 35-36.

[65] Историското дело на венецијанскиот дужд Андреа Дандоло Chronika per extensum descripta (Ed.: *L.A. Muratori,* Rerum Italicarum Scriptores. T. XII., p. I., Bologna 1938., 202) не ни стоеше на располагање.. Опишаната вест од неговата Хроника ја цитираме според *Антољак,* Држава 65-66, 155 и бел. 640.

[66] *Scylitzes* 348, 9-17.

планината Беласица на 29 јули 1014 година. Непрестајните и проследени со големи опустошувања походи на Византијците доведе до агонијата на противникот, а по смртта на Самуил и до конечното покорување во 1018 година. Всушност во овој период, т.е. во времето меѓу 1014 и 1018 година треба да го бараме и времето за извршениот поход на кралот Стефан. Наспроти тоа што Скилица ниту го спомнува непосредното учество на Унгарците во овие настани, сèпак врз основа на еден посреден податок од наша страна би ја претпоставиле можноста за тоа. Имено, византискиот хроничар раскажува за тоа дека царот, откако во освоените територии го организирал тематскиот систем, пристигнал во Костур. Тука тој наредил заедно со градот Ксифија да се урнат и да се срамнат со земјата сите тврдини и градови, коишто се наоѓале во близината на градовите Сервија и Соск.[67] Според нашата претпоставка и кралот Стефан би можел да учествува во оваа воена операција, и на страната на победителите влегол во градот Кесареја, којшто се наоѓал во непосредна близина на погоре спомна-тите градови. Меѓутоа, за натамошната судбина на Кесареја дознаваме од расказот на епископот Леодвин, којшто го запишал анонимниот монах на црквата Св. Албан. Се разбира, оваа претпоставка во отсуство на извори само во тој случај би можела да се потврди ако во иднина истата би се докажала со новите археолошки резултати.

Risto ILJOVSKI

## DER FELDZUG DES KONIGS SANKT STEPHAN NACH MAKEDONIEN AM ANFANG DES XI. JAHRHUNDERTS

(Zusammenfassung)

Der Feldzug des ersten ungarischen christlichen Königs Sankt Stephan der I. nach Makedonien am Anfang des XI. Jahrhunderts ist eng mit den Anstrebungen des byzantinischen Vasileus Basilius des II., fuer wiederholte Herstellung der Hegemonie des Byzantinischen Kaiserreiches ueber dem Balkanhalbinsel zu erreichen, verbunden.

Bezüglich der chronologischen und geographischen Bestimmung dieses Vorgangs werden in der Geschichte verschiedene und gegenseitig kontroverse Meinungen ausgelegt. Durch Vergleichung sucht man die Antwort, wann sich die Balkanexpedition des Königs Stephan des I. abgespielt hat und wo wir den Ort der militärischen Aktion suchen sollten?

Der Autor widerlegt die bisherige Anschauung zahlreicher Historiographen, welche den Standort des abgespielten Vorganges anstatt Caesareia fälschlicherweise mit der Stadt Skopje verbunden hatten, beziehungsweise mit der Stadt Ohrid. Die Angaben von dem geschichtlichen Werk des Johannes Skylitzes benutzend, bestimmt sich die Zeit der militärischen Abschlusshandlungen des byzantinischen Kaisers Basileios des II. im Jahre 1018.

[67] Scylitzes 363,43-364, 68.